РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2577/4
15-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2577/1 од 26.09.2025 година, оформен по добиена пријава со наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес од страна на раководството на /// факултет /// при Универзитетот ///, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес не се потврдуваат односно во предметниот случај не е констатирано прекршување на законските одредби за време на изборен процес.

Предметот со број 12-2577/1 од 26.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 26.09.2025 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес од страна на раководството на /// факултет /// при Универзитетот ///.
Според наведеното во пријавата, по датумот на донесување на Решението за распишување на избори за членови на Советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје кои ќе се одржат на 19 октомври 2025 година, на /// факултет /// при Универзитетот /// била донесена одлука за утврдување на потреба од вработување на 12 асистенти.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

Сметајќи дека донесувањето на оваа одлука упатува на започнување на постапка за вработување, а истовремено имајќи ја предвид забраната за започнување на постапка за вработување во текот на времетраењето на изборен процес, подносителот на пријавата изразил сомневање дека со донесувањето на одлука за утврдување на потреба од вработување на 12 асистенти на /// факултет /// при Универзитетот /// е сторено прекршување на законски одредби во изборен процес и ја квалификувал постапката како обид за партиски вработувања на кандидати кои се фаворизирани од страна на политичките партии /// и ///.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до /// факултет /// при Универзитетот ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
/// факултет /// при Универзитетот /// нема донесено одлука за утврдување потреба од вработување на 12 асистенти на Факултетот.
Имено, на седницата на Деканатската управа одржана на 30.09.2025 година едногласно бил донесен заклучок да се одложи утврдувањето потреба за нов наставен кадар на Факултетот на седницата на Наставно-научниот совет закажана за 01.10.2025 година. Одлучувањето за утврдување потреба за нов наставен кадар било одложено за седницата на Наставно-научниот совет што ќе се одржи кон крајот на месец ноември/ почетокот на месец декември 2025 година односно по завршувањето на локалните избори.
Согласно Заклучокот од Деканатската управа од седницата одржана на 30.09.2025 година, деканот на Факултетот, /// предложил да се симне точка 3 од Дневниот ред (3.Утврдување потреба за вработување на нов наставен кадар на /// факултет ///) и истата да се одложи за седницата на Наставно-научниот совет што ќе се одржи кон крајот на месец ноември/ почеток на месец декември 2025 година односно по завршувањето на локалните избори. Предлогот од деканот на Факултетот бил едногласно прифатен од членовите на Наставно-научниот совет.

Според член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и според член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик:

*„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до*

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

*завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“.*

Имајќи го предвид датумот на донесувањето на Решението за распишување на избори за членови на Советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје кои ќе се одржат на 19 октомври 2025 година, погоре цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси/ Изборниот законик, како и тоа дека утврдувањето потреба за вработување на нов наставен кадар на /// факултет /// било одложено за период по завршувањето на локалните избори, ДКСК цени дека во случајот не е започната постапка за вработување на нови лица во смисла на член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно од член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик. Истовремено, ДКСК констатира дека утврдената фактичка состојба не упатува на прекршување на забраната од член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно од член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес изнесени во пријавата врз чија основа е оформен предметот не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување. Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut